Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 47, 1 октомври 2010 година

октомври 2010 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент за наставно - научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент за наставно - научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на тројца наставници во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област архитектура, урбанизам и просторно планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 32

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудот „Финансиски менаџмент“ од проф. д-р Ристо Фотов ........ 34

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудот „Меѓународни финансии“ од проф. д-р Ристо Фотов ........ 41

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник „Физиологија на растенијата” од проф. д-р Лилјана Колева - Гудева, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип ........ 45

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно – научниот совет на единицата ........ 49

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ТРОЈЦА НАСТАВНИЦИ ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕДОЦЕНТ/ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АРХИТЕКТУРА, УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука бр.2202-91/5 од 5.7.2010 година, донесена на 7. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, одржана на 1.7.2010 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на *тројца наставници* во сите звања за научна област ***архитектура, урбанизам и планирање*** на Факултетот за природни и технички науки.

Конкурсот за овој избор беше објавен на 22.6.2010 година во весникот „Дневник“ и во предвидениот рок се пријави кандидатката **д-р Васка Сандева**, доктор по пејзажна архитектура.

По извршениот увид во пристигнатата пријава на гореспоменатиот Конкурс, Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Според елементарните податоци за пријавената кандидатка, Комисијата заклучи дека кандидатката ги исполнуваа условите за избор во наставник во насловно звање доцент/ вонреден професор.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Васка Сандева** е родена на 23 мај 1982 г. во Кочани, со постојано место на живеење во Кочани. Своето образование го оформува во периодот 2000-2005 год. на Шумарско-технички универзитет во Софија (Р. Бугарија), Факултет за екологија и пејзажна архитектура, каде се стекнува со титула **магистер по пејзажна архитектура,** на тема „*Планирано одморалиште Поникива - планина Осогово*“. Во периодот од 2005 до 2009 година на Шумарско технички универзитет во. Софија (Р. Бугарија), Факултет за екологија и пејзажна архитектура стекнува титула **доктор по пејзажна архитектура** на тема „*Развој на зелениот систем на Град Скопје, Република Македонија - урбанистички и еколошки аспекти*”.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката д-р Васка Сандева ги објавува следниве научни трудови и публикации:

- **Сандева В.,** *Историски развој и современа состојба на зелените површини во Град Скопје, Р. Македонија*. Годишен зборник, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2008 г. , Македонија.
- **Сандева В.** *Современи аспекти во развојот на зелениот систем (на примерот на Град Скопје, Р. Македонија)*. XVII Национална научна конференција *Менаџмент и квалитет за млади научници*, 2008 годна, Јундула, Бугарија.

Кандидатката работи и на многу проекти од областа на пејзажното уредување и озеленување:

- **Сандева В.** Идеен-проект за озеленување на Хотел „Александар Палас” – Скопје, Р. Македонија;
- **Сандева В.** Идеен-проект за озеленување на Хотел „Белви” – Охрид, Р. Македонија;
- **Сандева В.** Идеен-проект за озеленување – крајбрежје – х-л. Белви, х-л.Метропол и х-л.Турист – Охрид, Р.Македонија;

- **Сандева В.** Идеен-проект за озеленување – Парк Вртопо, населба Младост – Софија, Р.Бугарија;
- **Сандева В.** Идеен-проект за озеленување – Рекреативен центар с. Бања, Благоевград Р.Бугарија;
- **Сандева В.** Идеен-проект за озеленување – хотел во с. Кранево, Балчик, Варна, Р. Бугарија;
- **Сандева В.** Идеен-проект за озеленување парк Пролет, Горна Орјаховица, Р.Бугарија;
- **Сандева В.** Идејно-дендролошки план за озеленување на комплекс Св. Стефан , Охрид, Р.Македонија;
- **Сандева В.** Идејно-дендролошки план за озеленување на вили во Благоевград и село Кокалјане, Р.Бугарија.

**Прилог 1**

Табела за вреднување на активностите на **д-р Васка Сандева**, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Научно-популарна статија | | 8 | 8 |
| Вежби | 60 | 0,2 | 12 |
| **Научноистажувачка (НИ)** | | | |
| Одбрана на магистратура | | 4 | 4 |
| Одбрана на докторат | | 8 | 8 |
| Студиски престој | | 8 | 8 |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА + ОР)** | | | |
| Труд во зборник | | | 2 |
| Пленарно предавање | | | 6 |
| Учесник во проект | 8 | 4 | 32 |
| | | | |
| **ВКУПНО:** | | | **80** |

**ЗАКЛУЧОК**

Имајќи го предвид гореизнесеното, Комисијата може да констатира дека на Конкурсот за избор на еден наставник од научната област *архитектура, урбанизам и планирање* на Факултетот за природни и технички науки се пријавил еден кандидат кој може да биде избран во насловно звање доцент. Со оглед на образованието, дополнителнителните обуки и научни и стручни афинитети, кандидатката д-р Васка Сандева е со соодветен профил и искуство.

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип **да ја избере д-р Васка Сандева во звање *насловен доцент* за наставно-научната област *архитектура, урбанизам и планирање*** при Факултетот за природни и технички науки, Институт за архитектура и дизајн.

**Рецензентска комисија**

**Доц. д-р Катерина Деспот, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Горѓи Груевски, член, с.р.**
**Доц. д-р Милан Горѓиевски, член, с.р.**